РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

04.00.00.ПР.002.01

# ПРИРАЧНИК
# ЗА УСЛОВИТЕ И ПРАВИЛАТА ЗА ПРИСТАП НА ЕКОНОМСКИТЕ ОПЕРАТОРИ ВО СИСТЕМОТ ЗА ОБРАБОТКА НА ЦАРИНСКИ ДЕКЛАРАЦИИ И АКЦИЗНИ ДОКУМЕНТИ

Октомври 2020

## Историја на документ

| Издание | Датум на издание | Опис | Направени промени | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Опис на промената | Променети страници/ точки/глави |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 01 | [illegible] | Прво издание | / | / |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

## I. Општи одредби

1. Со овој Прирачник се уредуваат условите и правилата кои треба да бидат исполнети за одобрување на пристап на економските оператори[1] до Системот за обработка на царински декларации и акцизни документи (во понатамошниот текст СОЦДАД) заради спроведување на формалности во царинската постапка со употреба на техника на електронска обработка на податоци.

2. За да ја започне постапката на одобрување на пристап во СОЦДАД економскиот оператор треба да ги исполнува техничките услови објавени на веб страната на Царинската управа www.customs.gov.mk во делот Е-ЦАРИНА/СОЦДАД.

3. Одобрувањето на пристап на економскиот оператор во СОЦДАД се врши врз основа на уредно пополнети и поднесени:
   - електронски формулар (во продолжение: е-барање),
   - хартиен образец: Барање за одобрување на пристап во СОЦДАД, изработено на образец 04.00.00.ПР.002.01-ОБ.01.01 од овој Прирачник.

4. Економскиот оператор, е-барањето за одобрување на пристап го пополнува преку Порталот за трговци[2]/Модул за регистрација во СОЦДАД, до кој се пристапува преку веб страната на Царинската управа www.customs.gov.mk во делот Е-ЦАРИНА/СОЦДАД, односно преку линкот https://trader.customs.gov.mk/registration-ui.

   Постапката на пополнување и поднесување на е-барањето е подетално опишана во **Технички инструкции и напатствија за пристап и управување со корисници (надворешни корисници – Економски оператори)**, во прилог на ова Упатство и објавен на веб страната на Царинската управа, во делот Е-ЦАРИНА/СОЦДАД.

5. Образецот на хартиеното 04.00.00.ПР.002.01-ОБ.01.01 Барање за одобрување на пристап во СОЦДАД е објавен на веб страната на Царинската управа, во делот Е-ЦАРИНА/СОЦДАД и е достапен преку Порталот за електронска комуникација за размена на документи со Царинската управа на следниот линк: http://www.customs.gov.mk/edms/.

6. Пополнетиот образец на хартиеното Барање за одобрување пристап во СОЦДАД, економскиот оператор го поднесува по пошта или го доставува во архивата на

---

[1] Терминот „економски оператор" кој се користи во овој Прирачник се однесува на правно или физичко лице кое во рамките на своето работење е вклучено во активности кои се опфатени со царинските прописи и кое го користи СОЦДАД

[2] „Порталот за трговци" претставува електронски портал на Царинската управа преку кој економските оператори пристапуваат до СОЦДАД, управуваат со постапката на регистрација и ги извршуваат формалности во царинската постапка со употреба на техника на електронска обработка на податоци.

Царинската управа. При поднесување на истото се плаќа административна такса во износ од 50,00 денари.

7. Хартиеното Барање за одобрување пристап во СОЦДАД може да биде заменето и со електронски документ поднесен преку Порталот за електронска комуникација (во понатамошниот текст ПЕК), потпишан со валиден дигитален сертификат. Начинот на пополнување на барањето е составен дел на образецот. При поднесување на истото се плаќа административна такса во износ од 50,00 денари.

8. По приемот на хартиеното барање, Царинската управа врши проверка на наведените податоци во барањата и споредување на истите наведени во хартиеното со оние во е-барањето. Доколку при проверката се заклучи дека барањата се во ред, Царинската управа го одобрува е-барањето.

   Во случај кога економскиот оператор ќе поднесе непотполно или погрешно пополнето хартиено барање или кога постои неусогласеност меѓу податоците внесени во барањето и податоците со кои располага Царинската управа, тогаш во рок од 8 дена, Царинска управа го известува економскиот оператор, по електронска пошта наведена во барањето, да изврши усогласување на податоците. Царинската управа по приемот на комплетното барање, врши повторна проверка.

9. Економскиот оператор е должен најдоцна во рок од 3 дена писмено да ја извести Царинската управа за измената на податоците од поднесените барања кои што имаат директно влијание врз одобрениот пристап.

## II. Права и обврски за користење на СОЦДАД

10. Економскиот оператор кој сака да го користи СОЦДАД е должен да назначи свој локален администратор. Локалниот администратор е физичко лице овластено од страна на одговорното лице на економскиот оператор, а може да биде и самото одговорно лице на економскиот оператор.

11. Локалниот администратор мора да има овластување дадено од страна на одговорното лице на економскиот оператор. Примерок од овластувањето треба да се достави во прилог на Барањето за одобрување на пристап во СОЦДАД. Доколку локалниот администратор е одговорното лице на економскиот оператор, во тој случај не се доставува овластување.

12. Локалниот администратор преку корисничкиот профил на економскиот оператор може да поднесува барања преку Порталот за трговци/Модул за одобренија во СОЦДАД, до кој се пристапува преку веб страната на Царинската управа www.customs.gov.mk во

делот Е-ЦАРИНА/СОЦДАД, но не може преку овој кориснички профил на економскиот оператор да учествува во поднесувањето и процесирањето на царинските и акцизните документи и размена на други електронски пораки за спроведување на формалности во царинската постапка.

13. Економскиот оператор кој сака да го користи СОЦДАД е должен да назначи и овласти и физички лица, вклучувајќи го и локалниот администратор како физичко лице доколку има потреба, кои во СОЦДАД ќе настапуваат во име на економскиот оператор. Секое физичко лице, пополнува електронски формулар со податоците за неговиот кориснички профил во СОЦДАД, преку Порталот за трговци/Модул за регистрација во СОЦДАД, до кој се пристапува преку веб страната на Царинската управа www.customs.gov.mk во делот Е-ЦАРИНА/СОЦДАД.

14. Локалниот администратор на назначените и овластени физички лица од точка 13 им доделува привилегии за пристап и користење на соодветни модули во СОЦДАД (Увоз, Извоз, Транзит, Акцизи) во име на економскиот оператор, односно за поднесување и процесирање на царински и акцизни документи и размена на други електронски пораки за спроведување на формалности во царинската постапка во име на економскиот оператор.

15. Локалниот администратор има права и обврски да управува со корисничките профили на физичките лица од точка 13, вклучително и со податоците од нивните дигитални сертификати преземени преку СОЦДАД.

16. Регистрацијата и управувањето со корисничките профили и користењето на дигитални сертификати во СОЦДАД е целосна одговорност на економскиот оператор, односно од него назначениот локален администратор. Локалниот администратор е одговорен и за точноста на внесените податоци во СОЦДАД при регистрацијата на кориснички профили на физичките лица од точка 13, кои настапуваат во име на тој економски оператор, за податоците за дигиталните сертификати, како и за извршените промени на овие податоци.

17. Локалниот администратор и физичките лица кои преку свои кориснички профили се овластуваат и назначуваат од локалниот администратор, кои работат во СОЦДАД во име на економскиот оператор, треба да располагаат со валиден дигитален сертификат.

18. Дигиталниот сертификат мора да биде издаден од страна на регистриран издавач на дигитални сертификати, согласно законските одредби кои го уредуваат електронскиот потпис.

19. Во случај на промена на податоците за дигиталниот сертификат (поради промена или продолжување на постоечкиот дигитален сертификат), и/или промена на

регистрираната електронска пошта на овластениот локален администратор и другите кориснички профили на физичките лица, не се доставува ново Барање за одобрување на пристап до СОЦДАД. Промената на овие податоци ги врши локалниот администратор. Оваа постапка е подетално опишана во **Технички инструкции и напатствија за пристап и управување со корисници (надворешни корисници – Економски оператори)** објавени на веб страната на Царинската управа, во делот Е-ЦАРИНА/СОЦДАД.

20. Економскиот оператор задолжително ги презема сите потребни мерки за обезбедување тајност и безбедност на податоците и соодветна употреба на корисничките профили и дигитални сертификати и не смее да дозволи нивно користење од страна на неовластени лица.

21. Доколку регистриран економски оператор не сака повеќе да го користи СОЦДАД, тогаш одговорното лице на економскиот оператор доставува писмено известување до Царинската управа, која донесува одлука за укинување на пристапот и врши деактивирање на корисничкиот профил на економскиот оператор.

22. Царинската управа може времено да го одложи активирањето или деактивирањето на корисничкиот профил поради одржување, надградување или зачувување на безбедноста на СОЦДАД.

23. Царинската управа не може да се смета за одговорна за каква било директна или индиректна штета која настанала кај економските оператори, која што е резултат на:
    - прекин, запирање или нефункционирање на СОЦДАД, особено во случај на запирање на одржувањето или поправката на СОЦДАД или нефункционирање на СОЦДАД серверите или мрежната и комуникациска опрема од технички причини,
    - некомпатибилност и несоодветност на опремата на економскиот оператор,
    - кражба, загуба, уништување или измена на податоците, софтверските програми или компјутерската опрема предизвикани со недозволен пристап во СОЦДАД или како резултат на вирус кој потекнува од веб страната или некој од компјутерските системи или сервери на СОЦДАД или на економскиот оператор,
    - грешки при пренос, доцнења или прекини за време на преносот на податоци и
    - нефункционирање на СОЦДАД како резултат на виша сила или настани надвор од контролата на Царинската управа, вклучително, но не и ограничено на ситуации кога СОЦДАД е преоптоварен, не е во функција, не е достапен, кои што се предизвикани од трета страна – даватал на интернет услуги, прекин на таквите услуги поради штрајк, вклучително и штрајк од страна на нејзиниот персонал и какво било нефункционирање, грешка или доцнења кои можат да им се препишат на трети страни или пак друг настан како резултат на виша сила.

24. Царинската управа има право СОЦДАД времено да го стави надвор од функција (недостапен), поради одржување, надградување или зачувување на безбедноста на СОЦДАД.

25. Царинската управа има право да го укине одобрениот пристап и да изврши деактивирање на економски оператор од СОЦДАД, доколку констатира дека економскиот оператор не се придржува кон одредбите на овој Прирачник.

26. Царинската управа ќе постапува совесно и одговорно и ќе ги чува и заштитува согласно закон, податоците што за потребите на СОЦДАД ги доставува економскиот оператор.

## III. Завршни одредби

27. Одредбите на овој Прирачник се применуваат со почитување и исполнување на Техничките инструкции и напатствија за пристап и управување со корисници (надворешни корисници – Економски оператори) во кој се детално опишани начинот на пристап и управување од страна надворешните корисници.

    Техничките инструкции и напатствија за пристап и управување со корисници (надворешни корисници – Економски оператори) може да се дополнуваат и менуваат согласно изменетите ИКТ околности, без да предизвикаат промени врз основниот текст на овој Прирачник. Променетите Технички инструкции и напатствија за пристап и управување со корисници (надворешни корисници – Економски оператори) се евидентираат во нов документ во рамки на предметот во ЕДМС за овој Прирачник и се објавуваат на веб страната на Царинската управа, во делот Е-ЦАРИНА/СОЦДАД и на интранет страната на Царинската управа.

28. Овој Прирачник, заедно со образецот – Барање за одобрување на пристап во СОЦДАД, се објавуваат на веб страната на Царинска управа, во делот Е-ЦАРИНА/СОЦДАД и на интранет страната на Царинската управа согласно Процедурата за депозитар на документацијата.

29. Царинската управа има право да врши измени и дополнувања на одредбите на овој Прирачник и истите јавно ги објавува на веб страната на Царинската управа, во делот Е-ЦАРИНА/СОЦДАД.

30. Одредбите на овој Прирачник стапуваат на сила и се применуваат со денот на потпишувањето и објавувањето на веб страната на Царинската управа, во делот Е-ЦАРИНА/СОЦДАД.

31. Со влегувањето на сила на овој Прирачник се става вон сила 01.30.00.ПР:003.01 Прирачникот за начин, постапка и услови за одобрување на пристап до системот за обработка на царински декларации и акцизни докумненти (СОЦДАД) бр. 01- 041039/19-0001 од 29.05.2019 година.

Директор
м-р Гоко Танасоски

Бр. 01 - 055654/20 - 0001
Скопје, 16.10.2020 година

Образец:
- 04.00.00.ПР.002.01-ОБ.01.01 Барање за одобрување на пристап во Системот за обработка на царински декларации и акцизни документи (СОЦДАД)

| | |
|---|---|
| Прирачникот го подготви: | Сектор за ИКТ |
| Приматели: | Директор<br>Заменик директор<br>Советници на директорот<br>Помошници директори на сектори<br>Началници на независни одделенија<br>Управници на царинарници |
| Примерок доставен за : | Интерна и екстерна употреба |
| Оригиналот се чува во: | Сектор за ИКТ<br>Архива |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

04.00.00.ПР.002.01-ОБ.01.01

# БАРАЊЕ
# ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПРИСТАП ДО СИСТЕМОТ ЗА ОБРАБОТКА НА ЦАРИНСКИ ДЕКЛАРАЦИИ И АКЦИЗНИ ДОКУМЕНТИ (СОЦДАД)

| **1.1 Податоци за економскиот оператор** | |
|---|---|
| ЕДБ | |
| Назив | |
| Адреса на седиште | |
| Општина | |
| Поштенски број | |
| е-пошта | |
| Телефонски број | |
| Факс | |
| Мобилен телефон | |
| Датум на основање | |
| Правен статус | |
| **1.2. Податоци за одговорното лице (законски застапник)** | |
| ЕМБГ | |
| Презиме | |
| Име | |
| е-пошта | |
| Телефонски број | |
| **2. Податоци за Локален администратор (лице на кое Царинска управа ќе му достави администраторска шифра со која во име на економскиот оператор ќе биде во можност да управува (внесува и изменува) податоци за застапници на економскиот оператор во Модулот - Овластувања)** | |
| ЕМБГ | |
| Презиме | |
| Име | |
| е-пошта | |
| Телефонски број | |

**3. При употребата на СОЦДАД ќе користам:**

1. ☐- сопствен систем Назив и верзија на системот________________________________

2. ☐- систем на Царинска управа.

**4. Со пополнување и потпишување на ова Барање под полна материјална и кривична одговорност изјавувам дека:**

- Податоците наведени во Барањето се вистинити и точни;

| | |
|---|---|
| - Во целост сум запознаен, го прифаќам и ќе постапувам според одредбите на Прирачникот за начин, постапка и условите за одобрување на пристап до Системот за обработка на царински декларации и царински докуменити (СОЦДАД) и според одредбите на членовите 4, 5, 5-а, 5-б, 5-в и 109 од Уредбата за спроведување на Царинскиот закон;<br>- Најдоцна во рок од 3 (три) дена писмено ќе ја известам Царинската управа за било која промена поврзана со податоците дадени во ова барање и во прилозите доставени кон него;<br>- Се согласувам податоците содржани во ова барање да можат да се користат единствено за остварување на правото на регистрација во бараниот систем; | |
| **Датум:** | **Потпис на одговорното лице** |
| **Одобрен пристап во СОЦДАД** | |
| **Датум:** | **Потпис на одговорното лице** |

**Упатство за пополнување на образецот на барањето**

Образецот треба да се пополни читливо и без можност за бришење.

Сите подрубрики од рубриките I.1. Податоци за економскиот оператор и I.2. Податоци за одговорното лице (законски застапник) треба задолжително да се пополнат.

Рубриките во барањето се пополнуваат на следниов начин:

1. Податоци за економскиот оператор

Назив – се внесува називот/името на економскиот оператор (најмногу 35 алфанумерички карактери);
ЕДБ – се внесува единствениот даночен број на економскиот оператор (15 нумерички карактери);
Адреса на седиште – се внесува адресата на која е седиштето на економскиот оператор (најмногу 35 алфанумерички карактери);
Општина – се внесува називот на општината во која економскиот оператор има седиште (најмогу 35 алфанумерички карактери);
Поштенски број – се внесува поштенскиот број на градот во кој економскиот оператор има седиште (најмногу 9 нумерички карактери);
Правен статус – се внесува податок за правниот статус (на пр. активнен, неактивен, во стечај, .....)

Рубриките 4 и 5 се пополнуваат со внесување на знакот X во соодветното квадратче, по сопствен избор. Доколку се користи сопствен систем задолжително се внесуваат податоци за називот и верзијата на системот.